Врз основа на член 49 став 5 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија” бр.35/05, 50/06), министерот за правда донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПЕРИОДОТ НА НАЗНАЧУВАЊЕТО И БРОЈОТ НА ПОМОШНИЦИТЕ НА ИЗВРШИТЕЛИТЕ КОИ МОЖАТ ДА РАБОТАТ ИСТОВРЕМЕНО ПОД ОДГОВОРНОСТ НА ЕДЕН ИЗВРШИТЕЛ

Член 1

Со овој правилник се определува периодот на назначувањето и бројот на помошниците на извршителите кои можат да работат истовремено под одговорност на еден извршител.

Член 2

Извршителот назначува помошник на извршител за определено односно неопределено време.

Член 3

Бројот на помошниците на извршителите кои можат да работат истовремено под одговорност на еден извршител може да биде еден или повеќе помошници, соодветно на обемот на работата на извршителот.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 07-2274/1
15 јуни 2006 година
Скопје

Министер за правда,
**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска**, с.р.